ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

# И З В Е Ш Т А Ј

## За реализација на програмата за изработка на техничка документација – Основен сообраќаен проект за режимот на сообраќај на улиците во Општина Крива Паланка и нивна реализација за 2020 година

Советот на Општина Крива Паланка на ден 06. 11 2019 г година донесе Одлука за усвојување на програмата за изработка на техничка документација -Основен сообраќаен проект за режимот на сообраќај на улиците во Општина Крива Паланка и нивна реализација (бр. 09-3567/43 од 06.11.2019 година).

Програмата за изработка на техничка документација - Основен сообраќаен проект за режимот на сообраќај на улиците во Општина Крива Паланка и нивна реализација опфаќаше повеќе фази од кои реализирани се:

-Прва фаза-Изработка на техничка документација-Основен сообраќаен проект за поставување на заштитни столбчиња за разделување на пешачкиот од моторниот сообраќај на дел од улица,Св.Јоаким Осоговски во Крива Паланка со вкупна вредност на реализација 17 700 ден.

- Третата фаза - Поставување на хоризонтална сигнализација на улицата Св. Јоаким Осоговски согласно Основен сообраќаен проект за режимот на сообраќај на улица ,,Св.Јоаким Осоговски“ со вкупна вредност на реализација -50 287 ден.

- Четврта фаза - Поставување на вертикална сигнализација на улицата Св Јоаким Осоговски согласно Основен сообраќаен проект за режимот на сообраќај на улица ,,Св.Јоаким Осоговски“; со вкупна вредност на реализација од 136 445 ден. и поставување на заштитни столбчиња за разделување на пешачкиот од моторниот сообраќај на дел од улица,Св.Јоаким Осоговски во Крива Паланка, согласно Основен сообраќаен проект за поставување на заштитни столбчиња за разделување на пешачкиот од моторниот сообраќај на дел од улица,Св.Јоаким Осоговски во Крива Паланка, со вкупна вредност на реализација од 70 800 ден.

Согласно Програмата, Општина Крива Паланка спроведе јавна набавка за услуга и тоа:

-Јавна набавка за поставување на хоризонтална сигнализација за режимот на сообраќај на улица Св. Јоаким Осоговски ,на ден 10. 07 2020 година каде беше избрано правното лице ДПИС „Виадукт Трејд“ ДОО експорт – импорт, Гостивар.

- Јавна набавка за поставување на вертикална сигнализација за режимот на сообраќај на улица Св.Јоаким Осоговски согласно техничка документација на ден 03. 07 2020 година каде беше избрано правното лице Виа Сигнал ДООЕЛ Скопје.

-Договор за изработка на техничка документација- Основен сообраќаен проект за поставување на заштитни столбчиња за разделување на пешачкиот од моторниот

сообраќај на дел од улица,Св.Јоаким Осоговски во Крива Паланка, склучен на ден 24.02.2020 година под број 03-682/1 со правното лице ЕУРО РОАД ДИЗАЈН ГРУП ДОО Скопје.
-Договор за набавка на сообраќајни столбчиња склучен на ден 14.02.2020 година под број 08-571/1 од правното лице ТП ,,Семафори" ИНПР Тетово.

Сретствата кои се потрошени од Буџетот на Општината за 2020 год за реализација на прва, третата и четвртата фаза од Програмата за реализација на Основен сообраќаен проект за режимот на сообраќај на улиците во Општина Крива Паланка и нивна реализација, односно поставување на хоризонтална и вертикална сигнализација изнесува **275.232,00 ден.**

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Одделение за урбанизам, сообраќај и
заштита на животната средина
Одобрил
Раководител,
Маја Костадиновска,диа

Изготвил
Билјана Цветковска Тасевска